**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

**До: д-р Зоран Трајчевски,**
**директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 15.05.2018 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 2440 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** вонреден

2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје

3. **Датум на извршување на надзорот:** 15 мај 2018 година

4. **Предмет на надзорот:** Член 22 од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување (бр.01-5774/1 од 21.11.2014 година, изменет на 08.05.2015 година), според кој *„Бројот и структурата на вработените лица за телевизија на државно ниво која емитува програма терестријално, од општ формат, треба да биде 80 (осумдесет), од кои 30 (триесет) со висока стручна спрема (ВСС), вработени како новинари".*

5. **Претходно изречена мерка: /**

6. **Констатации од надзорот:** Со надзорот е констатирано дека Трговско радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување.

   Образложение: При увид во податоците за сопственичката структура, уредниците и економското работење на ТРД КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје во 2017 година, Агенцијата констатираше дека на 31.12.2017 година, вкупниот број на вработени во телевизијата изнесувал 182 лица, од кои како новинари со висока стручна спрема биле ангажирани 22 лица. Поради тоа, на 26.04.2018 година Агенцијата со писмен допис (наш бр.03-2141/1) побара од радиодифузерот, во рок од седум дена од денот на приемот на дописот, да достави документи од коишто ќе може да се констатира дека ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во Правилникот.

   На 08.05.2018 година, ТРД КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје во Агенцијата достави:

   - Преглед на пријави/одјави во задолжително социјално осигурување за деловен субјект, заклучно со 07.05.2018 година, издаден од Агенцијата за вработување на Република Македонија;
   - Копии од Пријава/Одјава во задолжително социјално осигурување –Образец М1/М2 за вкупно 31 лице и
   - Копии од уверенија/дипломи за завршено високо образование на овие 31 лице.

На 14.05.2018 година, на барање од Агенцијата, радиодифузерот достави дополнителни документи (решенија) за вкупно осум лица ангажирани како новинари во телевизијата.

Од целокупната документација е видно дека во ТРД КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје се вработени вкупно 139 лица, од кои 30 со висока стручна спрема, ангажирани како новинари.

***Сектор за стратешко планирање и авторски права***